Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 0801-293/4
09.07 202 1 год.
СКОПЈЕ

Постапувајќи по претставка бр. 0801-293 од 02.07.2019 поднесена од [redacted] од Скопје против Агенција за национална безбедност за сторена дискриминација врз основа на политичка припадност областа на работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 09.07.2021 го донесе следново

МИСЛЕЊЕ

НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на политичка припадност во област на работните односи од страна на Агенцијата за национална безбедност врз [redacted] од Скопје.

Образложение

На 02.07.2019 до Комисијата за заштита од дискриминација е доставена претставка за сторена дискриминација врз политичка припадност од страна на [redacted] од Скопје против Агенцијата за национална безбедност. Согласно чл. 47 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020 од 30.10.2020) започнатите постапки за заштита од дискриминација, како и за поднесените претставки по кои не е започната постапка до денот до влегување на овој закон во сила, ќе завршат според одредбите на овој закон, односно истите ќе бидат преземени и завршени од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Во претставката подносителот наведува дека врз него е извршена директна дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на работните односи од страна Агенцијата за национална безбедност. Имено, подносителот, аплицирал на јавен повик за постапка за избор и селекција на работници од Агенција за национална безбедност. На неговата апликација тој добил одговор дека не ги исполнува условите утврдени согласно Законот за агенција за национална безбедност, меѓута до моментот на поднесувањето на претставката тој не добил писмено известување за причините поради кои не ги исполнува условите. Согласно, наводите од претставката подносителот најпрвин добил само усно образложение дека ќе добие негативна безбедносна оценака за добивање на безбедностетн сертификат, постапка која согласно закон тече паралелно со процесот на вршење на безбедносна проверка за преземање во Агенцијата за национална безбедност. Подносителот на 30.09.2019 добил решение од Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации со кое се одбива барањето за изработка на ЕУ и НАТО сертификат со степен ДРЖАВНА ТАЈНА, нешто што е предвидено како законски услов за преземање во Агенцијата за национална безбедност. Подносителот смета дека ваквото решение е донесено единствено врз основа на неговата претпоставена политичка припадност, за што усно му било неколку пати кажано “дека е [redacted] и дека нема да биде дел од Агенцијата за национална безбедност”. Ова тврдење подносителот го поткрепува со фактот дека претходно за него се изработени две позитивни безбедносни проценки во 2017 и 2019 година.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација сметаше дека наводите од претставката и приложените докази го прават тврдењето на подносителот веројатно и дека товарот на докажување треба да премине на потенцијалниот дискриминатор. На 25.05.2021 Комисијата

согласно чл. 24, ст. 7 и чл. 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави Известување со барање за произнесување по наводите од претставката Агенција за национална безбедност.

На 11.06.2021 Агенцијата за национална безбедност достави поднесок за произнесување по наводите од претставката. Во поднесокот Агенцијата тврди дека за подносителот при вршење на оперативна проверка во рамки на постапката за издвање на безбедносен сертификат со степен Државна тајна е утврдено постоење на безбедносен ризик. Имено, согласно наводите од одговорот при вршење на оперативна проверка во 2002 година било утврдено дека подносителот сторил кривично дело Фалсификување на исправа (факултетска диплома). За истото бил осуден со условна казна во траење од две години. Сето ова било дадено во оперативната проверка при давање на оценка дека за подносителот е утврдено постоење безбедносен ризик за добивање на безбедносен сертификат за пристап и користење класифицирани инфорации со степен државна тајна. Согласно тврдењата на Агенцијата, подносителот во периодот од 2012-2017 поседувал безбедносен сертификат за пристап и користење класифицирани инфорации со степен државна тајна, поради тоа што при вршење на оперативна проверка било утврдено дека наведеното кривично дело не го сторил тој туку неговиот татко и дека кривичната пријава против подносителот била отфрлена поради немање докази. Од овие причини на подносителот му била дадена оценка дека не постои безбедносен ризик за добивање на безбедносен сертификат. Агенцијата тврди дека овие недостатоци биле утврдени и корегирани во текот на вршењето на нова безбедносна проверка. Имено од увид во евиденциите на Бирото за јавна безбедност било констатирано дека подносителот го сторил кривичното дело Фалсификување на исправа и за истото бил казнет со условна казна во траење од ддве години. За истото доставен е одговор до Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, по што од страна на Дирекцијата е донесено Решение ОУ бр. 09-04-1352/2 од 23.092019 со кое е одбиено барањето за издавање на безбедносен сертификат за пристап и користење на класифицирани информации со степен државна тајна.

Со оглед на наведеното од одговорот, доколку за работното место за кое е распореден работникот како услов е утврдено поседување на безбедносен сертификат за пристап и користење на класифицирани информации со степен државна тајна, а работникот не го поседува, во тој случај истиот нема да може да ги врши работите и задачите од тоа работно место.

По разгледувањето на наводите од претставката, доказите кон претставката, поднесокот за произнесување на потенцијалниот дискриминатор и важечката законска регулатива, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го заклучи следново:

Согласно одредбите од Законот за Агенција за национална безбедност (Сл. Весник на Р.С. Македонија 108/19) со Одлука на Владата биле формирани две комисии – Комсиија за изготвување на акти за организација и работа на Агенцијата и Комисија за селекција и избор на работниците од Агенцијата за национална безбедност.

Комисијата за селекција и избор на работниците од Агенцијата врши селекција и избор на потребниот број работници за функционирање на Агенцијата, во постапка која вклучува спроведување ветинг во согласност со највисоките безбедносни стандарди. Селекцијата и изборот се врши во согласност со законските одредби и Деловникот за начинот на работа и селекција и начинот на бодирање на работниците, донесен од Комисијата согласно член 186 став 6 од Законот

за Агенција за национална безбедност, во кој се дефинирани критериумите за селекција и начин на бодирање.

При изборот на работници по предметниот јавен повик била испочитувана соодветна и правична застапеност на кандидатите од сите заедници, на сите ниво, со почитување на критериумите за стручност и компетентност.

Комисијата за селекција и избор на работниците од Агенцијата за национална безбедност, согласно критериумите од Деловникот за начинот на работа и селекција и начинот на бодирање на работниците, донела одлуки за избор на 365 работници по предметниот јавен повик. Сите одлуки на Комисијата биле испочитувани и при преземање на селектираните работници во Агенцијата за национална безбедност.

Согласно горенаведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација цени дека спроведениот јавен повик за постапка за избор и селекција на работници од Агенција за национална безбедност е спроведен согласно Законот за Агенција за национална безбедност, Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за национална безбедност и Деловникот за начинот на работа и селекција и начинот на бодирање на работниците. Во конкретниот случај не е утврдена повреда на правото на еднаквост, односно Агенцијата за национална безбедност при спроведување на јавниот повик за постапка за избор и селекција на работници од Агенција за национална безбедност не извршило дискриминација врз [redacted] по основа на политичка припадност или било која друга дискриминаторска основа.

Скопје
09.07.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска

Доставено до:

- Агенција за национална безбедност
  ул. Димче Мирчев бр. 9, 1000 Скопје

- [redacted] Гостивар